Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2023 година**

**Скопје, јануари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и деветнаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 17 јануари 2023 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 115-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 декември 2022 година

- Усвојување на Записникот од 117-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2022 година

1. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-347/20 ДП Тетово)

2. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.59/21 КО Ѓорче Петров)

3. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.29/22)

4. Информација на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за неусогласена примена на член 86 став 1 од Законот за управни спорови од кои произлегуваат финансиски импликации за Државната комисија кои се рефлектираат и врз Буџетот на Република Северна Македонија

5. Предлог-листа за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Чашка

6. Предлог на закон за ратификација на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија

7. Информација за организирање на Европска регионална конференција (ЕРК) на ИНТЕРПОЛ, како и иницирање постапка за водење на преговори и усогласување на Нацрт-текст на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната организација за криминалистичка полиција (ИНТЕРПОЛ) за привилегии и имунитети, со Нацрт-договор

8. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/1956 на Советот од 17 октомври 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1955 на Советот од 17 октомври 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

9. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2232 на Советот од 14 ноември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2228 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2018/1542 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје

10. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2201 на Советот од 10 ноември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за

рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2194 на Советот од 10 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/2063 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела

11. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2233 на Советот од 14 ноември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2229 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина

12. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2234 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2230 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

13. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2022/2178 од 8 ноември 2022 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2177 на Советот од 8 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 401/2013 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма

14. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2235 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2231 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран

15. Информација по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца-Детска градинка ,,Витет Маѓике"-Гостивар, со  Предлог-одлука

16. Предлог на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

17. Барање за давање на автентично толкување на член 116 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), поднесено од пратеникот Даниела Колева

18. Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност

19. Правилник за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност и Правилникот за стандардите и нормативите за основање на научни институти и за вршење научноистражувачка дејност, со прилози, на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност

20. Иницијатива од политичката партија Левица од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.116/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.67/22)

21. Кадровски прашања

22. Прашања и предлози

23. Конечен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерство за труд и социјална политика (сметка на основен буџет (637)), со Акциски план за имплементација на дадените наоди и препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2021 година на Министерството за труд и социјална политика

24. Годишен финансиски извештај за 2021 година на Здружението за заштита на авторски музички права-ЗАМП

25. Информација во врска со Барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр.143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со текст на Анекс-договор бр.5

26. Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 5-Јавни набавки од Кластер 1-Фундаментални вредности и преземени обврски

27. Информација за потпишување на Финансиска спогодба за ИПА Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2023 година, со текст на Финансиска спогодба

28. Информација за одржан билатерален скрининг за Поглавје 18 Статистика од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој се одржа на 14-15 ноември 2022 година, со прилози

29. Информација за потребата од изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука

30. Информација за спроведени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Израел за соработка во областа на електронски комуникации и поштенски услуги, со Нацрт -договор

31. Информација за донесување на одлука за предавање на недвижности во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

32. Информација за донесување на одлука за предавање на недвижности во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука

*

*        *

Владата без забелешки ги усвои Записникот од 115-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 декември 2022 година и Записникот од 117-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 30 декември 2022 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (ДП 03-347/20 ДП Тетово).

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.59/21 КО Ѓорче Петров).

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (У.бр.29/22).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата на Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка за неусогласена примена на член 86 став 1 од Законот за управни спорови од кои произлегуваат финансиски импликации за Државната комисија кои се рефлектираат и врз Буџетот на Република Северна Македонија, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за правда да направи анализа во однос на спроведувањето на Законот за управни спорови, а во насока на решавање на проблемите со кои се соочуваат државните органи при неговата примена и во рок од 30 дена до Владата да достави соодветно изменување и дополнување на Законот.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Предлог-листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Чашка и даде согласност на Листата за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти на подрачјето на Општина Чашка.

**Точка 6**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Договорот за техничка соработка меѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Јапонија, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м -р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и м-р Фатмире

Исаки, заменик на министерот за надворешни работи, а за повереници Дрита Абдиу-Халили, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања, Јасмин Ќахил, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник-директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Информацијата за организирање на Европска регионална конференција (ЕРК) на ИНТЕРПОЛ, како и иницирање постапка за водење на преговори и усогласување на Нацрт-текст на Договор помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната организација за криминалистичка полиција (ИНТЕРПОЛ) за привилегии и имунитети, со Нацрт-договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Даде согласност за одржување и организирање на 50. Европска регионална конференција на ИНТЕРПОЛ во Република Северна Македонија.

2. Го прифати текстот на Нацрт-договорот помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната организација за криминалистичка полиција-ИНТЕРПОЛ за привилегии и имунитети за 50. Европска регионална конференција, што ќе се одржи во Република Северна Македонија во 2023 година, кој е предмет на усогласување.

**Точка 8**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/1956 на Советот од 17 октомври 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/1955 на Советот од 17 октомври 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 9**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2232 на Советот од 14 ноември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2228 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2018/1542 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје.

**Точка 10**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2201 на Советот од 10 ноември 2022 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2017/2074 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2194 на Советот од 10 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) 2017/2063 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Венецуела.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2022/2233 на Советот од 14 ноември 2022 година за изменување на Одлуката 2014/145/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2229 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на

Регулативата (ЕУ) бр. 269/2014 за рестриктивни мерки во однос на дејствијата кои го поткопуваат или загрозуваат територијалниот интегритет, суверенитет и независноста на Украина.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2234 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2230 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 13**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката на Советот (ЗНБП) 2022/2178 од 8 ноември 2022 година за изменување на Одлуката 2013/184/ЗНБП за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2177 на Советот од 8 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 401/2013 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Мјанмар/Бурма.

**Точка 14**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката за спроведување (ЗНБП) 2022/2235 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Одлуката 2011/235/ЗНБП за рестриктивни мерки насочени против одредени лица и субјекти во однос на состојбата во Иран и Регулативата за спроведување (ЕУ) 2022/2231 на Советот од 14 ноември 2022 година за спроведување на Регулативата (ЕУ) бр. 359/2011 за рестриктивни мерки насочени против одредени лица, субјекти и тела во однос на состојбата во Иран.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца-Детска градинка ,,Витет Маѓике”-Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца-Детска градинка „Витет Маѓике“-Гостивар.

**Точка 16**

Владата го разгледа Предлог на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), со членот 76 ставови 1, 2 и 4 е уредено дека услугата лична асистенција опфаќа индивидуална помош и поддршка за деца од шест години и возрасни лица до 65-годишна возраст, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка.

Личната асистенција вклучува: помош и поддршка во вршење основни и инструментални активности од секојдневниот живот, помош и поддршка на работното место, образовните институции, центрите за рехабилитација, помош и поддршка во заедницата и други активности

од интерес на лицето, до 80 часа месечно. Корисници на услугата се лица со потешка и најтешка телесна попреченост и потполно слепи лица, како и лица со комбинирана попреченост.

Со Предлогот на закон за изменување на Законот за социјалната заштита, поднесен од група пратеници, се предлага изменување на став 1 од членот 76 од Законот за социјалната заштита, така што услугата лична асистенција да опфаќа индивидуална помош и поддршка за деца од шест години и возрасни лица, со намален функционален капацитет, со цел да се овозможи независно и самостојно живеење, активно и рамноправно учество во заедницата, како и вршење на секојдневни активности, кои лице без попреченост вообичаено ги врши без поддршка.

Владата на Република Северна Македонија смета дека предложената измена е во насока на подобрувања на условите за користење на услугата лична асистенција.

Имено, со предложената одредба ќе се овозможи како корисници на оваа услуга да бидат опфатени децата со навршени шест години и возрасните лица, без оглед на нивната старосна граница и се предвидуваат еднакви услови за користење на оваа услуга за лицата со намален функционален капацитет и подобрување на можностите за нивно социјално вклучување.

**Точка 17**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 116 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20), поднесено од пратеникот Даниела Колева и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 116 од Законот за основното образование:

(1) На директорот на основното училиште му престанува мандатот, ако:
- тоа сам го побара,
- трајно ја загуби способноста за вршење на должноста директор и
- ги исполни условите за старосна пензија.

(2) Директорот на основното училиште се разрешува пред истекот на мандатот, ако:

- направи повреда на одредбите на законите или други прописи и акти, утврдени од Државниот просветен инспекторат или други органи,
- му е изречена забрана за вршење на професија, дејност или должност,
- со правосилна судска пресуда му е изречена казна затвор во траење подолго од шест месеци,
- не ја остварува програмата за работа и не се реализираат плановите и програмите за воспитно-образовната работа,
- по негова вина е нанесена штета на учениците, на нивните родители, односно старатели или на училиштето,
-постои доказ за политички притисок од страна на директорот врз вработените и учениците,
- дозволи организирање на дејности и активности што се во спротивност со наставниот план и програмите и
- дозволи исплаќање на средства кои не се утврдени во годишниот финансиски план на училиштето.

Имајќи предвид дека одредбата од член 116 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19) е прецизна и јасна, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде

автентично толкување на член 116 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20), поднесено од пратеникот Даниела Колева.

**Точка 18**

Владата го разгледа Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 41 став 2 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Националниот совет е самостоен стручен орган со седиште во Скопје.

Согласно член 42 став 1 од наведениот закон, Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија.

Согласно член 43 став 1 од наведениот закон, Националниот совет е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на принципот на стручност и компетентност.

Согласно член 44 став 9 од истиот закон, Националниот совет еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија.

Согласно член 43 став 2 точка 7 од наведениот закон, Националниот совет на предлог на Одборот за акредитација, донесува Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми.

Согласно горенаведеното, наведениот Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, по неговото донесување од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност се доставува до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми е донесен од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност, истиот е во примена и е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22.

**Точка 19**

Владата ги разгледа Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност и Правилникот за стандардите и нормативите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност, со прилози, на Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност и притоа го утврди следното мислење:

Согласно член 41 став 2 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.178/21), Националниот совет е самостоен стручен орган со седиште во Скопје.

Согласно член 42 став 1 од наведениот закон, Националниот совет е составен од 15 члена кои ги избира Собранието на Република Македонија.

Согласно член 43 став 1 од наведениот закон, Националниот совет е самостоен во својата работа и одлучува во рамките на својата надлежност врз основа на принципот на стручност и компетентност.

Согласно член 44 став 9 од истиот закон, Националниот совет еднаш годишно поднесува извештај за својата работа до Собранието на Република Македонија.

Согласно член 43 став 2 точка 3 од наведениот закон, донесува Правилник за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност во согласност со овој закон и согласно член 43 став 2 точка 23 од истиот закон донесува Правилник за нормативите и стандардите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност.

Согласно горенаведеното, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовните установи и за вршење високообразовна дејност и Правилникот за стандардите и нормативите за основање на научни институти и за вршење научноистражувачка дејност, по нивното донесување од Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност се доставени до Собранието на Република Северна Македонија, за информирање.

Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовните установи и за вршење високообразовна дејност и Правилникот за стандардите и нормативите за основање на научни институти и за вршење научноистражувачка дејност се донесени од Националниот совет за високо образование и научно-истражувачка дејност, истите се во примена и се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.245/22.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Иницијативата од политичката партија Левица од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.116/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.67/22) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Инцијативата ја оспорува Уредбата за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.67/02) во целина и цени дека е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за полиција, Законот за внатрешни работи и Правилникот за носењето, времето на траење и распределбата на униформата и ознаките на униформата на полицијата.

Интенцијата на донесување на оспорената Уредба, треба да се разгледува од неколку аспекти.

Имено, една од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија е владеење на правото, односно доследна примена на законските прописи. Водејќи се од тој императив, наведената Уредба е усогласена со Законот за употреба на јазиците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.7/19).

Со цел воспоставување на конзистентност во правниот систем, посебно во нормативната хиерархија на правни акти, се наметна потребата од усогласување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата, како подзаконски правен акт со Законот за употреба на јазиците, во сегментот на униформата на полицијата, за кој во Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се предвидува униформата на полицијата да биде напишана на македонски јазик и неговото

кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија и неговото писмо.

Во корелација со изменување на оспорената Уредба, особено со членот 8 став 3 се упатува на членот 1, ставови 1 и 2 од Законот за употреба на јазиците, каде е утврдено дека на целата територија во Република Македонија и во нејзините меѓународни односи службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо. Друг јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните (албански јазик), исто така е службен јазик и неговото писмо, согласно овој закон.

Предметната обврска е нормирана во член 8 став 3 од Законот за употреба на јазиците, во кој децидно е утврдено дека униформите на полицијата, пожарникарството, здравството, во Скопје и во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик се напишани на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија и неговото писмо.

Дополнително, во прилог на обврската за нормирање на прашањето за униформата на полицијата произлегува од член 23 од Законот за употреба на јазици, согласно кој:

(1) Во рок од една година од денот на влегувањето на сила на овој закон сите надлежни институции се обврзани да ги донесат подзаконските акти за спроведување на овој закон.
(2) Во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон, институциите се обврзани да ги спроведуваат обврските наведени во член 7 од овој закон.
(3) Владата на Република Македонија веднаш по влегувањето во сила на овој закон ќе развие програма за покренување на јавната свест за примената на овој закон.
(4) Во рок од една година одредбите од другите закони се усогласуваат со одредбите на овој закон.
(5) Во случај на неусогласеност на одредбите на овој закон со јазичните одредби на друг закон, органите се должни да ги применуваат одредбите од овој закон.

Доследно се почитуваат одредбите на Законот за употреба на јазиците, од аспект на потребата на обврската од усогласување, а се со цел почитување на нормативната хиерархија на правни акти, избегнување на правни недоречености, воспоставување на правна сигурност и целосно и доследно почитување на владеење на правото како едно од темелните вредности утврдени во Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста и законитоста на Уредбата за изменување на Уредбата за униформата и ознаките на униформата на полицијата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.67/22).

**<u>Точка 21</u>**

Владата заклучи:

1. Го разреши Дејан Димитријевски од должноста член на Управниот одбор-претставник од стручниот орган на Јавната установа Национален парк Галичица Охрид.

1.1 Го именува Мирче Огненоски за член на Управниот одбор-претставник од стручниот орган на Јавната установа Национален парк Галичица-Охрид.

2. Ја разреши Вангелија Велева од должноста вршител на должноста директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерство за образование и наука.

2.1 Ја именува Вангелија Велева за директор на Педагошката служба, орган во состав на Министерство за образование и наука и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Го разреши Марјан Спасовски од должноста директор на Управата за извршување на санкции, орган во состав на Министерството за правда.

4. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во најмалку три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, за именување на директор на Државниот санитарен и здравствен инспекторат.

5. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да објави јавен оглас, во три дневни весници кои се објавуваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат на службен јазик различен од македонскиот јазик, за избор на директор на Државниот завод за статистика.

**Точка 22**

**1.** Владата го разгледа Барањето од Министерството за култура за изменување на Заклучокот, донесен по точка 31, од Сто и шестата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 декември 2022 година по Информацијата за изработка на проект за реконструкција и ревитализација на Старото училиште Димитар Влахов во село Љубојно и негова адаптација во Центар за промоција на македонскиот јазик, го прифати Барањето и заклучи истиот да се измени и да гласи:

- Владата ја разгледа Информацијата за изработка на проект за реконструкција и ревитализација на Старото училиште Димитар Влахов во село Љубојно и негова адаптација во Центар за промоција на македонскиот јазик, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за култура да ги преземе сите натамошни дејствија за реализација на изработка на проект за реконструкција и ревитализација на Старото училиште Димитар Влахов во село Љубојно и негова адаптација во Центар за промоција на македонскиот јазик.

**2.** Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да спроведе постапка за избор на правен застапник, кој ќе даде мислење во врска со Договорот за воспоставување на јавно приватно партнерство за формирање на модерна организација-платформа како ефикасен носител на хеликоптерскиот итен медицински систем во Република Северна Македонија (ХЕМС) и хеликоптерски услуги за пребарување и спасување (САР).

**3.** Владата, по повод одбележувањето на празникот Богојавление (Водици), заклучи владина делегација во состав:
- д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија;
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи и
- м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација

на 19 јануари 2023 година (четврток) да присуствуваат на настанот на спуштањето на крстот во водите на Охридското Езеро, во Охрид.

**4.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради

висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 5 јануари 2023 година до 5 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на Република Северна Македонија, заради недостиг на електрична енергија и состојбите на пазарите на електрична енергија за период од 5 јануари 2023 година до 11 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на подрачјето на Град Скопје, заради недостиг на топлинска енергија, можноста за користење на алтернативно гориво и состојбите на пазарот на топлинска енергија, за период од 5 јануари 2023 година до 11 јануари 2023 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**7.** Владата го симна од Дневен ред Барањето од Министерството за правда за изменување на Заклучокот од Сто и деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 14 декември 2022 година донесен по точка 21-Информација за состојбата и размена на искуства со препораки за најдобра пракса со компаративна анализа за формирање на самостојна и независна Национална антидопинг организација на Република Северна Македонија (НАДО МКД), со Нацрт-текст на Закон за борба против допингот во спортот и негово спречување.

**Точка 23**

Владата го разгледа Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2021 година на Министерство за труд и социјална политика (сметка на основен буџет (637)), со Акциски план за имплементација на дадените наоди и препораки од Конечниот извештај на Државниот завод за ревизија за 2021 година на Министерството за труд и социјална политика, како материјал за информирање.

Истовремено, се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во најбрз можен рок до Државниот завод за ревизија, да го достави соодветниот образец за Известување за преземените мерки по дадените препораки од Конечниот извештај.

**Точка 24**

Владата го разгледа Годишниот финансиски извештај за 2021 година на Здружението за заштита на авторски музички права-ЗАМП, како материјал за информирање.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Барањето на концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје за продолжување на рокот за изградба и почеток со комерцијална работа на мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр.143, МХЕЦ Маркова со

реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, со текст на Анекс-договор бр.5 и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се овластува министерот за животна средина и просторно планирање, во име на Владата на Република Северна Македонија како концедент да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр. 143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145 со број 02-5784/1 од 1.7.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 27.6.2023 година.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Индиго хидро Македонија ДОО Скопје да ја продолжи важноста на банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот за концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од мали хидроелектрични централи, МХЕЦ Маркова со реф.бр.143, МХЕЦ Маркова со реф.бр.144 и МХЕЦ Маркова со реф.бр.145, најмалку до 28.8.2023 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 5-Јавни набавки од Кластер 1-Фундаментални вредности и преземени обврски, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при Европската Унија во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, најдоцна до 18.1.2023 година.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Финансиска спогодба за ИПА Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2023 година, со текст на Финансиска спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Финансиската спогодба за ИПА Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2023 година.

2. Се овластува м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и национален ИПА координатор, да ја потпише Финансиската спогодба за ИПА Годишната акциска програма за Република Северна Македонија за 2023 година, помеѓу Европската комисија и Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата за одржан билатерален скрининг за Поглавје 18-Статистика од Кластер 1-Фундаментални вредности, кој се одржа на 14 -15 ноември 2022 година, со прилози, ја усвои Информацијата и го задолжи Секретаријатот за европски прашања, преку Постојната мисија при ЕУ во Брисел, да ги достави одговорите на прашањата и прилозите до Европската комисија, најдоцна до 18 јануари 2023 година.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведени преговори за склучување на Договор помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Израел за соработка во областа на електронски комуникации и поштенски услуги, со Нацрт-договор и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Израел за соработка во областа на електронски комуникации и поштенски услуги.

2. Го овласти м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, во име на Владата на Република Северна Македонија, да го потпише Договорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Државата Израел за соработка во областа на електронски комуникации и поштенски услуги.

**Точка 31**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за предавање на недвижности во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, доколку Министерството за финансии-Управата за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности достават мислење по текстот на Предлог-одлуката.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за предавање на недвижности во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за предавање на недвижност во владение на Јавното претпријатие за државни патишта, доколку Министерството за финансии-Управата за имотно-правни работи и Агенцијата за катастар на недвижности достават мислење по текстот на Предлог-одлуката.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:50 часот.

| | |
|---|---|
| **Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија** | **Претседател на Владата на Република Северна Македонија** |
| **м-р Методија Димовски** | **д-р Димитар Ковачевски** |